# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА WEB САЈТОТ НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА КОНТРОЛОРИ



**Содржина**


Почетна страна ........................................ 2
Регистрација на нов корисник ........................................ 4
Пријавување на регистрирани корисници ........................................ 6
Промена на податоците за контролорот ........................................ 10
Промена на лозинка ........................................ 11
Внесување на збирки лични податоци ........................................ 14
Пребарување на Регистарот на контролори на лични податоци ........................................ 18
Пребарување на Регистарот на збирки на лични податоци ........................................ 19
Контакт форма ........................................ 20
Поимник ........................................ 21
Контакт инфо ........................................ 22

# Почетна страна

Во интернет прелистувач се отвора почетната страна со внесување на интернет адресата во address bar-от. При тоа се отвора екран сличен на прикажаниот подолу. Почетната страна е поделена во 3 дела. Во горниот дел се прикажани основни податоци за Централниот регистар на контролори, во левата рамка се прикажани линкови корисни за посетителот на  WEB сајтот, а во десната рамка се прикажуваат резултатите од акциите преземени од страна на посетителот  ( клик на линк, екрани за исвестување, корисни информации и сл.)




При секое почетно повикување на WEB страната во десната рамка се појавуваат тековните новости во врска со Централниот регистар на контролори на податоци на Р.Македонија. Новостите се подредени по датум почнувајќи од најновата. Покрај новостите постојат и два линка: **Читај Повеќе** и **Превземи документ**. Тие служат за подетално запознавање со конкретната новост.

По клик на линкот **Читај Повеќе** во левата рамка се појавува нов екран со подетални информации за новоста.




Ако постои документ за превземање поврзан со новоста истиот тој може да се превземе по клик на линкот **Превземи документ**

На почетната страна освен новостите, во левата рамка се наоѓа главното мени за активности на сајтот, прилагодено во зависност од посетителот. Се додека не се пријави, посетителот може да ги гледа следниве линкови:

- **Почетна**
- **Нов корисник ?**
- **Поважни информации**
- **Регистар на Контролори на Лични Податоци**
- **Регистар на Збирки на Лични Податоци**
- **Контакт Форма**
- **Поимник**
- **Упатство за регистрирање на контролори**

# Регистрација на нов корисник

За да може да се внесуваат збирки на лични податоци во централниот регистар, корисникот мора претходно да се регистрира. Постапката за регистрација е следнава:

- се одбира линкот **Нов корисник ?** во главното мени. При тоа се добива следниот екран за внесување на податоци кои мораат да се пополнат




- по клик на копчето **Регистрирај се** ако не се пополнети сите полиња или пак лозинката е пократка од 6 карактери тогаш се појавува екран за грешка со приказ на конктретната грешка

- по клик на копчето **Регистрирај се** ако одбраното корисничко име постои се појавува следниот екран




- ако сите претходни контроли поминат успешно, тогаш се појавува екран со известување за успешно регистрирање на новиот корисник со приказ на неговите кориснички податоци и набројување на следните операции што треба да ги направи за да може успешно да ги внесе своите збирки на Лични податоци

**Успешно сте внесени во системот.**
**Ваши параметри за влез се:**
**Корисничко име: korisnik**
**Лозинка: korisnik**

**Ваши следни чекори се:**

1. Логирајте се на системот.
2. Внесети ги податоците во делот за КОНТРОЛОРИ
3. Внесете ги податоците за сите ваши ЗБИРКИ на ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ.

Доколку нешто не е јасно, контактирајте го тимот во Дирекцијата за Заштита на лични Податоци на РМ, задолжен за Централниот Регистар.

# Пријавување на регистрирани корисници

По станувањето регистриран корисник, дозволен е пристап до ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА КОНТРОЛОРИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ.

За пристап, во левата рамка во полињата за внес се внесуваат корисничкото име и лозинката. Ако се внесени погрешни параметри излегува екран за грешка




По успешно логирање главното мени ќе се промени со додавање на нови линкови корисни за логираниот корисник. Тоа се :

- Промени лозинка
- Ваши Податоци
- Ваши збирки на лични податоци
- Одлогирајте се

Екранот што се појавува е прикажан подолу



При тоа, при првото логирање во системот потребно е новорегистрираниот корисник да ги внесе своите податоци за да може подоцна да ги внесува своите збирки на лични податоци.

Податоците се внесуваат со клик на линкот **Ваши податоци**. При тоа се појавува следниот екран




Податоците се однесуваат за контролорот на збирки на лични податоци. Тие се пополнуваат во зависност од типот на контролер и тип на ентитет. Корисникот одбира дали е правно или физичко лице, и дали е контролор или претставник на странски контролор. Во зависност од тоа се пополнуваат и останатите задолжителни полиња. По полнувањето на сите задолжителни полиња се одбира копчето **Продолжи**. При тоа се појавува следниот екран




Со клик на копчето **Зачувај** се зачувуваат податоците за регистрираниот корисник и се **ПЕЧАТИ конфирмациското писмо** кое за секој нов контролор треба да се испрати до **Централниот регистар за контролори.** Овој чекор е задолжителен за да на контролорот му биде овозможено да може да ги внесува своите Збирки на лични податоци. Корисникот е одговорен за точноста на податоците кои се внесени.




.

Со тоа корисникот успешно завршил со регистрација на своите податоци  и чека одговор од **Централниот регистар за контролори** во врска со своето барање. Се додека не добие повратен одговор од **Централниот регистар за контролори** по клик на линкот  Ваши збирки на лични податоци се појавува следниот екран

> Сеуште не сте официјално одобрен Контролор на Податоци. Соодветно на тоа, не можете да внесувате Збирки на Лични податоци.

## Промена на податоците за контролорот

Ако контролорот на лични податоци сака да изврши промена на своите податоци тоа може да го стори со логирање во системот и одбирање на линкот **Ваши податоци** . При тоа му се отвара познатиот екран




По промена на саканите податоци со клик на копчето Зачувај се запишуваат промените. Со клик на копчето откажи се поништуваат сите промени направени врз податоците и корисникот се враќа на почетниот екран

# Промена на лозинка

Контролорот на податоци може да изврши промена на својата лозинка во секое време со клик на линкот Промени лозинка. При тоа добива екран со полиња за пополнување




По пополнување за сите полиња се прави проверка на внесните податоци во полињата. Ако на пример новата лозинка е пократка од 6 карактери се добива порака за грешка.

Ако старата лозинка е погрешно внесена тогаш се добива екран за грешка




Ако податоците во полињата за нова лозинка не се исти тогаш се добива следниот екран




Ако е направена успешна промена на лозинката, во зависност од тоа дали во профилот на контролорот има или нема внесено e-mail адреса можно е дасе добијат две различни пораки

Едната е ако има e-mail адреса. Тогаш новата лозинка ќе биде пратена на внесената e-mail адреса.




Во спротивно, односно ако нема внесено e-mail адреса се добива следното известување




Со тоа е направена успешна промена на лозинката.

## Внесување на збирки лични податоци

Контролорот на податоци може да изврши внес на збирка лични податоци со клик на линкот Ваши збирки на лични податоци. При тоа во зависност дали има или нема претходно внесени колекции на лични податоци може да ги види претходно внесените или ако нема внесени да ќе му се прикаже следниот екран




При тоа со клик на линкот Внеси нова збирка на лични податоци, добива екран со полиња за одбирање и пополнување, дел од кои се задолжителни како на пр. **Име на збирката, Правен основ** итн.



Податоците за одбирање се одбираат со клик на табулаторите


Продолжи | Откажи

Општо | Податоци | Правни | Трансфер | Заштита

**5. Категории на лични податоци кои се обработуваат: ***

- ☐ Име и презиме
- ☐ Информации за раѓањето (време или место на раѓање)
- ☐ Слика на лицето (пр.копија на фотографија на лицето или на документ со фотографија)
- ☐ ЕМБГ
- ☐ Број на пасош
- ☐ Број на лична карта
- ☐ Број на возачка дозвола
- ☐ Адреса
- ☐ Контакт информации - електронски (пр.број на телефон или факс, e-mail адреса)
- ☐ Образование
- ☐ Занимање/Професија
- ☐ Приход
- ☐ Работно место
- ☐ Брачна состојба и/или број на деца
- ☐ Број на сметка во банка
- ☐ Генетски податоци
- ☐ Потрошувачки навики
- ☐ Кривични дела, безбедносни мерки и санкции изречени за сторени кривични дела
- ☐ Останато

**6. Посебни категории на податоци (чувствителни податоци):**

- ☐ Расно потекло
- ☐ Етничкото потекло
- ☐ Политичките ставови

Копчето Продолжи служи за зачувување на збирката на податоци




По пополнување на сите задолжителни податоци со клик на копчето Зачувај се зачувува новата збирка на лични податоци




Со тоа новата колекција е видлива во листата на колекции за контролорот на лични податоци која се добива со клик на линкот Ваши збирки на лични податоци



Ако контролорот сака да смени некои податоци во било која од своите збирки на податоци, тогаш треба да ја одбере конкретната збирка листата на збирки на лични податоци која се појавува по клик на линкот Ваши збирки на лични податоци и да ја помине претходната процедура за внес на нова збирка. Постапката е иста.

# Пребарување на Регистарот на контролори на лични податоци

По клик на линкот **Регистар на контролори на лични податоци** се добива екран со неколку паѓачки листи и полиња за одбирање и внесување текст според кој сакаме да побараме податоци за некој од контролорите во Центраниот регистар.




Пребарувањето може да биде според било кој од параметрите дадени за пребарување или пак може да биде и комбинација од повеќе параметри заедно. Притоа се добива листа со контролори кои одговараат на одбраните критериуми за пребарување. Со одбирање на било кој од контролорите добиени како резултат може да се видат подетални податоци за одбраниот контролор и неговите збирки на податоци.

Во случај да ниеден од контролорите не одговара на одбраните параметри тогаш се добива порака дека за одбраните параметри не се пронајдени контролори на лични податоци.

# Пребарување на Регистарот на збирки на лични податоци

По клик на линкот **Регистар на збирки на лични податоци** се добива екран со неколку полиња за одбирање и внесување текст според кој сакаме да побараме податоци за некој од збирките на лични податоци во Центраниот регистар.




По клик на копчето Барај во зависност од одбраните параметри се добива листа со пронајдените збирки на податоци кои одговараат на бараните параметри. Со одбирање на било кој од збирките добиени како резултат може да се видат подетални податоци за одбраната збирка на податоци.

Во случај да ниедна од збирките не одговара на одбраните параметри тогаш се добива порака дека за одбраните параметри не се пронајдени збирки на лични податоци.

## Контакт форма

Контакт формата служи за да може било кој посетител на сајтот да побара објаснување или информација од Централниот регистар на контролори. Работи на принцип на e-mail комуникација. По клик на линкот Контакт форма се добива екранот




При тоа посетителот или корисникот треба да ги пополнат полињата прикажани на екранот. Треба да ги остават нивното име и е-маил за контакт и да запишат во врска со сто сакаат да контактираат со Централниот регистар на контролори. Со клик на линкот Испрати ќе биде испоратен е-маил до одговорното лице за контакт на Централниот регистар на контролори.

## Поимник

По клик на линкот Поимник од главното мени се добива следнит екран

**Дефиниции на одредени поими**

1. **"Личен податок"** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет.
2. **"Збирка на лични податоци"** е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа.
3. **"Обработка на личните податоци"** е секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци на автоматски или друг начин, како што е: собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување.
4. **"Обработувач на збирка на лични податоци"** е физичко или правно лице или законски овластен државен орган кое ги обработува личните податоци за сметка на контролорот.
5. **"Посебни категории на лични податоци"** се лични податоци кои го откриваат расното или етничко потекло, политичко, верско или друго уверување, членството во синдикал-на организација и податоци што се однесуваат на здравствената состојба или сексуалниот живот.
6. "**Субјект на лични податоци**" е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци.
7. "**Трето лице**" е секое физичко или правно лице, државен орган или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач на збирка на лични податоци или лице кое под директно овластување на контролорот или обработувачот на збирка на лични податоци е овластено да ги обработува податоците.
8. "**Корисник**" е физичко или правно лице, државен орган или друго тело на кое му се откриваат податоците, заради извршување на редовни работи во согласност со закон. Ор-ганите на кои можат да им се откриваат податоците во рамките на посебна истрага, не се сметаат за корисници во смисла на овој закон.
9. "**Согласност на субјектот на лични податоци**" е слободно и изречно дадена изјава на волја на субјектот на лични податоци со која се согласува со обработката на неговите лич-ни податоци за однапред определени цели.

Тука се дадени појаснувања и објаснувања на  некои од поимите користени во Централниот регистар на контролори кои би можеле да му користат на контролорот или посетителот на сајтот.

# Контакт инфо

Во најдолниот дел на почетната страна постои линк за контакт информации во врска со Централниот регистар на контролори на лични податоци. По клик н лонкот се отвора следниот екран

| Контакт | |
|---|---|
| **Адреса:** | ул.Самоилова бр.10, 1000 Скопје, Република Македонија |
| **Телефон:** | 02/3244-760 ; 02/3244-765 |
| **Факс:** | 02/3244-766 |
| **Е-пошта:** | info@dzlp.gov.mk |
| **Веб:** | www.dzlp.gov.mk - www.dpdp.gov.mk |

**Слободен пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за службено лице кои ќе посредува и ќе укажува помош при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Дирекцијата за заштита на личните податоци ја назначува:

**Елена Стојановска**

**ул.**Самоилова бр.10, Скопје
**тел.** 02/3244-762
**факс.**02/3244-766
**e-mail:** elena.stojanovska@dzlp.gov.mk